Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 01.11.2021

На 31.10.2021 околу 07.35 часот, во гостиварската населба Грудајца, полициски службеници од СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, со наредба од Казнено-поправната установа Затвор „Идризово" од Скопје, го лишиле од слобода А.Ј. (30) од с.Челопек, тетовско. Тој се барал за доиздржување на затворска казна во времетраење од 3 години, 3 месеци и 7 дена. А.Ј. ќе биде спроведен во КПУ „Идризово" за издржување на казната.

На 31.10.2021 во 13.30 часот, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода И.Т.(21) од с.Долно Оризари, битолско, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.10.2021 во 12.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", од полициски службеници бил лишен од слобода Х.К.(24) од Република Албанија, затоа што по извршени проверки било констатирано дека се наоѓа во оперативна евиденција со мерка „апси", по барање на Интерпол-Белгија. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 01.11.2021 во 02.05 часот на подрачјето на Гази Баба, Скопје, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го пронашле Б.М.(40) од Тетово, за кого неговиот брат А.М. на 28.10.2021 во СВР Тетово пријавил дека се оддалечил од домот. Тој бил предаден на неговиот брат.

На 31.10.2021 во 13.45 часот во Полициската станица Аеродром, Ж.Ј.(49) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 31.10.021 во 18.10 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека во с.Коњарево, струмичко, патничко возило „фолксваген голф", со швајцарски регистарски ознаки, управувано од А.А.(64) од с.Старо Коњарево, удрило во пешакот Т.С.(68) од с.Ново Коњарево. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Увид извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 31.10.2021 во 13.20 часот во Полициската станица Карпош, Ф.Т.(39) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Русински" бил каснат од куче скитник.

На 30.10.2021 во 16.57 во СВР Куманово, А.М. од Куманово пријавил дека во населбата „Ајдучка чешма" пронашол неексплодирана минофрлачка граната од Втората светска војна со калибар 82мм. Екипа од СВР Куманово извршила увид, а гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 31.10.2021 околу 22.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Б.(31) и Ј.И. (47). Сочинети се записници за констатиран прекршок.

На 31.10.2021 во 13.25 часот во СВР Скопје, В.Ш.(34) од Скопје пријавил дека во парк на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 31.10.2021 во 16.15 часот во СВР Скопје, М.Т.(65) од с.Бујковци, скопско, пријавил дека околу 15.00 часот во с.Бујковци, по претходно случена сообраќајна несреќа, бил физички нападнат од М.С. од с.Марино, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2021 во Полициската станица Велес, Д.Г.(63) пријавил дека на ул.„Петре Прличков" во Велес бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет